Tigo.mk

Финансиско друштво ФИНМАК е современа компанија која применува иновативна и модерна технологија, посветена на корисниците. Нудиме брзи и лесни решенија за микрокредитирање на физички лица кои се достапни секому.

Нашиот тим се состои од професионалци од областа на финансии, грижа за корисници и ИТ. Поради брз раст на компанијата, повикуваме амбициозни лица да аплицираат на позицијата.

# Менаџер на Мрежа на Филијали

Вистинскиот кандидат за оваа позиција е проактивен, флексибилен и ориентиран кон резултати, со цел градење на успешна компанија, притоа имајќи позитивен став во обезбедување на исклучителни услуги кон нашите корисници.

## ОПЕРАТИВНИ ФУНКЦИИ И ЗАДОЛЖЕНИЈА

- Одговорен за имплементирање на политиките насочени кон остварување на бизнис целите на мрежата на филијали;
- Одговорен е за успешно и ефикасно функционирање на мрежата на филијали како целина, самите филијали, како и за подобрување на активностите во рамките на мрежата;
- Оговорен за зголемување и развој на кредитното портфолио на филијалите;
- Одговорен за грижа на корисници во мрежата на филијали;
- Менаџмент на Супервизори на филијали;
- Известување до повисок менаџмент.

## ОПШТИ ФУНКЦИИ И ЗАДОЛЖЕНИЈА

- Подготвување на стратегија за спроведување на ОКРс на компанијата за филијалите;
- Изработка и ревидирање на процедури за вработените кои се однесуваат на работните процеси во филијала
- Организација, координација и мониторинг на активностите и резултатите кои се очекуваат од мрежата на филијали;
- Врши мониторинг на усогласеноста на тековните активности со поставената стратегија и приоритети;
- Ги координира процесите кои што се поврзани со услугата за клиенти во филијалите;
- Воведува и предлага промени на алатки за адекватна грижа за клиенти во филијалите;
- Врши редовен мониторинг на исполнување на целите и продуктивноста на вработените во мрежата на филијали;
- Иницира семинари и процеси за обука на вработените во мрежата на филијали;
- Учествува во развојот на нови услуги;
- Креира и гради целно ориентиран и конзистентен имиџ на брендот на друштвото;
- Врши други должности и задачи на барање на Генерален директор или повисок надреден, кои се во согласност со регулативите на друштвото.

## УСЛОВИ ОД КОМПАНИЈАТА

- **Дел од менаџмент тимот**
- **Современа и најнова технологија**
- **Атрактивен пакет на бонуси**
- **Дополнително приватно осигурување**
- **Можност за напредување**
- **Динамични работни услови во брзорастечка финтек компанија**

## ПРЕДУСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ КАНДИДАТОТ

- Завршено високо образование;
- Минимум 3 години искуство во раководење на тимови, од кои минимум 1 година искуство во раководење на мрежа на филијали во банка или финансиска институција;
- Активно познавање на англиски јазик и високо ниво на познавање на ексел;
- Способност за управување со проекти и процеси, изразени комуникациски способности, способност за координација со останатите организациони делови во Друштвото, способност за развивање и прифаќање на нови процеси во Друштвото, аналитички и презентерски способност;
- Тренинг по бизнис анализа или проектен менаџмент ќе се смета за предност.

Доколку сметате дека сте вистински кандидат, Ве молиме испратете Ваша биографија преку полето **Аплицирај**

Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите во Законот за работните односи. ФИНМАК ДОО го задржува правото да не избере ниту еден кандидат.

Со аплицирање, кандидатот изјавува дека е согласен неговите лични податоци наведени во прикачените документи да бидат собрани и обработувани од ФИНМАК ДОО, во согласност со Законот за заштита на лични податоци. Кандидатот изјавува дека е запознаен дека неговите лични податоци се собираат и обработуваат со цел избор на кандидат за позицијата за која аплицира. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци.

Финансиско друштво ФИНМАК.

